Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 325/0306
23.08 2018 год.
Скопје

29.08.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 27 август 2018 година, врз основа на примена жалба од интернет порталот „Шеталиште“, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет порталот „ДоказМ.мк“, со текстот насловен „Битолчанки убави као да се удрени со мокар чорап“ и со објавените фотографии, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 10, 12 и 15.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 15 јули февруари 2018 година, интернет порталот „Шеталиште“ (www.setaliste.com.mk) поднесе жалба за текстот насловен „Битолчанки убави као да се удрени со мокар чорап“, објавен на 10 јули 2018 година, на интернет порталот „ДоказМ.мк“ (www.dokazmk.online).

Во жалбата се наведува дека со текстот и објавените фотографии се прекршени авторските права и дека е сторена клевета.

Од интернет порталот „Шеталиште“ појаснуваат дека порталот „ДоказМ.мк“ не само што ги презел нивните авторски фотографии и содржина и ги претставил како свои, туку и ги коментирал истите фотографии, користејќи недолична содржина. Оттаму бараат бришење на објавената содржина, во насока на заштитување на лицата и најавуваат дека, во спротивно своето право ќе го остварат по судски пат.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „ДоказМ.мк“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „ДоказМ.мк не одговорија на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата во однос на содржината е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 10, 12 и 15.

***Член 10:*** *„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“*

***Член 12:*** *„Плагијаторството е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот“.*

***Член 15:*** *„Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 27 август, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата веднаш заклучи дека се работи за текст кој груби ги крши професионалните и етичките стандарди и ги надминува рамките на слобода на изразување. Авторот, кој не е потпишан под текстот, користи непримерен јазик, коментира, исмејува и дискриминира по полова основа, без да промисли на последиците, кои може да ги нанесе врз лицата, прикажани на фотографиите.

Оттука, членовите на Комисијата утврдија дека со текстот и објавените фотографии е прекршен членот 10 од Кодексот на новинарите, во кој особено се издвојува следната реченица – коментар, кој се однесува на една од фотографиите:

***„Добро, оваа малку поарна е, иако е малку како за во некој еротски филм со устата“.***

Обврска на новинарите и медиумите е да ги заштитат поединците и групите од неправда и дискриминација, извршени од страна на јавни органи и институции, од приватни претпријатија или од кој било друг.

Медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар), кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предзвика непријателство или омраза спрема некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација,физички недостаток итн.

Во продолжение, Комисијата најде дека интернет порталот „ДоказМ.мк“ грубо ги прекршил професионалните стандарди и од аспект на авторските права, преземајќи дури 16 фотографии од интернет порталот „Шеталиште“ и претставувајќи ги како свои. Ова, уште повеќе, што девојките на фотографиите се злоупотребени за исмејување и полова дискриминација.

***„Специјално, за сите битолчани Ви претставуваме како изгледате низ нашиот „папарацо“ објектив“,*** пишува авторот во воведниот дел на текстот.

Според горенаведеното, членовите на Комисијата утврдија дека со преземањето на фотографиите, без јасно да се наведе изворот, медиумот го прекршил и членот 12 од Кодексот на новинарите, во кој, се вели дека плагијаторството е неприфатливо, а цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Непочитувањето на авторските права се смета за грубо кршење на етичките правила. Доколу информацијата е преземена или парафразирана од друг медиум, авторско дело или истражување, изворот мора да биде наведен, во спротивно станува збор за плагијатор, а не за новинар. Фотографиите мораат да бидат потпишани со име и презиме на авторот и не смеат да се отстапуваат на трети лица без одобрение на авторот.

Понатаму, Комисијата утврди дека во новинарскиот производ е прекршен и членот 15 од Кодексот на новинарите, според кој, новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Ваквото отстапување, особено е нагласено во насловот на текстот:

**„Битолчанки убави како да се удрени со мокар чорап“.**

Според членот 15 од Кодексот, новинарот мора да ги има на ум моралните стандарди на публиката на која и' се обраќа и не треба да користи непримерни, вознемирувачки или порнографски содржини во својата работа.

Комисијата, најпосле, констатира и дека текстот до донесувањето на оваа одлука се' уште беше активен и не беше отстранет од интернет страницата на „ДоказМ.мк“. Тоа, воедно, беше и главното барање на жалителот, интернет порталот „Шеталиште“, со цел да ги заштити лицата објавени на нивните фотографии.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Ердем Ахмет и Теофил Блажевски.

**Се обврзува интернет порталот „ДоказМ.мк“ (www.dokazmk.online), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595